EUROVIA



# ЈАНУАРИ
## 2022

highlights

# СОДРЖИНА


05 ПРЕГЛЕД НА ГОДИНАТА
06 ЗБОРОВИ НА ГЕНЕРАЛНИОТ ДИРЕКТОР
08 БРОЈКИ 2021
10 КОНТИНУИРАН РАСТ
11 НОВ ВРАБОТЕН ЗА МЕСЕЦ ЈАНУАРИ
12 ПРОЕКТИ
14 РЕБРЕНДИРАЊЕ
16 ЗАТВОРЕН БАЗЕН - ТЕТОВО
18 ПРВИОТ ЧЕКОР КОН ДИГИТАЛИЗАЦИЈА - OFFICE 365



# ПРЕГЛЕД НА ГОДИНАТА

***Ако 2020 година беше година на адаптација,***
***2021 се чувствуваше како година на еволуција.***



Во *2021* година, работевме напорно за да се фокусираме на она што можеме да го контролираме, и да бидеме благодарни за сè она што имаме. Ги користевме ограничувањата и предизвиците со кои се соочивме, како начин да размислуваме и да ги правиме работите на нови начини. Продолживме да инвестираме во нашите луѓе и нивниот раст за да се подготвиме за новиот „нормален“ начин на живот во постпандемискиот свет.

# ЗБОРОВИ НА ГЕНЕРАЛНИОТ ДИРЕКТОР

Оваа година донесе извонредна можност да согледаме што навистина е важно. Грижата за нашата лична благосостојба и за светот околу нас, е прашање кое не може да се негира. Оваа криза на крајот беше откритие и извонредна можност да се пресоздадеме себеси и повторно да се поврземе во суштинска форма со нашите бизниси.

И по сите перипетии и предизвици, ***ЕУРОВИА*** останува *Групација* која учествува во развојот на клучните сектори во економијата. Компанија посветена на економски и социјален напредок во земјите каде што е делува. Флексибилноста да се организираат вистинските луѓе се со цел да се испорачаат уникатни решенија претставува непоколеблив фокус за испорака на вредност до крајниот инвеститор.

Сите активности на ***ЕУРОВИА*** покажуваат цврста ориентација кон клиентите, со договорна култура како гаранција за иднината, градење цврсти долгорочни односи засновани на меѓусебна доверба и знаење.





*Elmedin Ademi*

Флексибилната структура на *Групацијата* ја промовира одговорноста на претприемачите и вработените, што е клучна алатка за максимизирање на профитот и поттикнување на извонредноста која е потребна за обезбедување на најдобри услуги и производи на клиентите.

Следниот голем чекор за *2022* година е да евоулираме *Circular Economy* - чекор кој се однесува на глобалните предизвици како што се климатските промени, губењето на биолошката разновидност, отпадот и загадувањето на животната средина. *2022* година, е година кога ја прифаќаме нашата моќ да создадеме највисока визија за нашите животи и нашата планета.

# БРОЈКИ
# 2021



Вкупни инвестииции за 2021 година:

2.500.000 €



Вработени во склоп на Групацијата

200+



Над 250 соработници како деловни партнери.



Исплатен данок за 2021 година

1.200.000 €




Генериран вкупен приход

10.500.000 €



Извршени 12 општествено одговорни проекти



# КОНТИНУИРАН РАСТ

*2021* година беше година на раст за нашата компанија. Сите ние, од ***ЕУРОВИА*** сакаме да упатиме искрена благодарност до сите наши клиенти кои ни веруваа во исполнувањето на нивната мисија. Оваа година, беше неверојатна година во која започнавме **20** нови проекти.



Поради обемот на работа и динамиката, почетокот на 2022 година го започнавме со зголемување на бројот на вработени и во оваа прилика ќе им посакаме топло добредојде на уште **5** нови членови во нашиот тим.



# НОВ ВРАБОТЕН ЗА МЕСЕЦ ЈАНУАРИ



Нашите луѓе се нашето најголемо богатство. Токму затоа, веќе на почетокот на оваа година и посакуваме топло добредојде на ***Роза Радевска*** *- Сметководител.*

# ПРОЕКТИ

За подобрување на условите за живот на локално ниво и зајакнување на инфраструктурата, ***ЕУРОВИА*** со изведба на **6** проекти финансирани од ***ТАВ Македонија***:

- *Комунална инфраструктура во Општина Боговиње -* ***активен проект***
- *Реконструција на постојана водоводна мрежа, канализација и фекални води во населбата Серава, Саук Чешма 1 и 2 -* ***активен проект***
- *Проект за водоснабдување во с.Лојане -* ***активен проект***
- *Регулација на речно корито на Отљанска река во с. Отља -* ***активен проект***
- *Реконструкција на локален пат Тетово – Селце Делница од км 0+000 до км 2+113,48 -* ***завршен проект***
- *Изведба на корито на река и тротоар со урбана опрема, осветлување и пешачка патека во вкупна должина од 1,6 километри, Тетово -* ***активен проект***



Влада на Република Северна Македонија
Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut

TAV Construction

EUROVIA.





***ЕУРОВИА*** со својот тим архитекти и инженери беше избран да ја дизајнира и изгради една од најмодерните фабрики во Северна Македонија - **Lear Corporation**. Проект кој претставуваше предизвик за целиот тим.

Главниот приоритет на инженерскиот тим беше дизајнирање на објект со најновите системи за *HVAC* врз основа на најновите Ashare стандарди. Така, фабриката ја има инсталирано најновата технологија на систем за греење и ладење што ќе ја позиционира фабриката како една од најретките индустриски објекти со нулта емисија на CO2.

*„Овие проекти не се само број на извршени ниско градби, туку овие проекти се доказ за техничката подготвеност и квалитет со кој располага нашата компанија“ -* ***Елъмедин Адеми****.*

# РЕБРЕНДИРАЊЕ

Возбудени сме да објавиме дека се ребрендиравме со ***ново*** *лого и веб-страна.*



***Промените се дел од секојдневното живеење. Понекогаш доаѓаат под дејство на природните закони, а понекогаш заради нови идеи и цели.***
***Токму затоа, за да ја доловиме суштината на нашата еволуција, го променивме нашето лого за подобро да ја одрази компанијата во која прераснавме.***

EUROVIA. → EUROVIA.

старо лого

ново лого



Ова ново лого го користи основниот изглед на оригиналното лого, но со почисто, модернизирано чувство. Овој нов изглед има дизајн кој ја претставува ***ЕУРОВИА*** како најсовремена градежна компанија.



# ЗАТВОРЕН БАЗЕН - ТЕТОВО



Грижејќи се за најмладата генерација и нивните потреби да бидат активни, ***ЕУРОВИА*** започна со изградба на *првиот затворен базен во Тетово*, финансиран од *Агенцијата за млади и спорт*.

Проектот ќе обезбеди нови можности за сите љубители на спортот и ќе го однесе спортот на следно ниво.

Овој проект за првпат се релизира во нашата општина и затоа веруваме дека градењето на иднината може да се случи само доколку инвестираме во младите и продолжиме да работиме со сите сили за да допринесеме за следните генерации.

При изведба на овој проект значително внимание посветивме на:

- *Просторот и температура на водата*
  - За да се постигне идеалното ниво на влажност, водата треба да биде околу два степени пониска од воздухот во просторијата.

- *Хемиски биланс*
  - Поголемиот дел од внатрешните и надворешните базени содржат хлор за да се одржи водата чиста. Кога хлорот комуницира со пот и други органски материјали што ги оставаат пливачите во водата, се создава гас наречен хлорамин. Хлорамин е извор на типичен „мирис на хлор“ што го наоѓате во просториите на затворен базен.

- Високото ниво на хлорамин може да има негативни ефекти врз здравјето на пливачите и гостите, затоа е важно редовно да се проверувате *хемиската рамнотежа* на базенот. Исто така, важно е да изберете *систем за вентилација* кој внесува свеж воздух однадвор.

- *Систем за отстранување на влагата / влажноста од воздухот*
  - Дизајниран да обезбеди четири до шест промени на воздухот на час, додека одржува релативна влажност од 50 до 60 проценти.

# ПРВИОТ ЧЕКОР КОН ДИГИТАЛИЗАЦИЈА - OFFICE 365

Дигиталната трансформација претставува употреба на технологии за создавање вредност и конкурентна предност преку нови деловни модели и нови односи.

Трансформацијата во дигиталната ера како и спроведувањето на истата ја олеснува работата од секој можен аспект. Дигитализацијата не претставува само технологија, туку и организација на процеси и луѓе. Дигиталната технологија е технологија со која се решаваат новите сложени проблеми. Оваа серија на дигитални решенија може да донесе до нови типови на креативни иновации и да служи како надградба на она што веќе постои. Оваа промена претставува интеграција на огромни комплексни дигитални технологии во различни области во една компанија.






Издвоивме неколку придобивки кои ги забележавме преку употреба на **Office 365**:

- *Брз начин на споделување документи преку облак*
- *Пристап до сите документи преку мобилна апликација*
- *Подобра комуникација*
- *Зголемување на продуктивноста*

# **ЈАНУАРИ**
highlights
2022




**За повеќе информации,**
**посетете го нашиот блог:**
**blog.eurovia.mk**